Бр:10-44

Скопје:12.03.2025

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош согласно Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година поднесено од страна на Министерството за економија и труд бр. 13-829/1 од 24.02.2025 година, на седницата одржана на 12.03.025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Мерката содржана во дел II точка 1 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Меѓународна и билатерална соработка во угостителството во износ од 1.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

2. Мерката содржана во дел II точка 2 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Изготвување на студија за намалување на отпадот од храна и еко практики во угостителството во Република Северна Македонија во износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

3. Мерката содржана во дел II точка 3 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Субвенции за угостителски цели на селски домаќинства во руралните средини во вкупен износ од 1.000.000 денари**, при што финансиската поддршка ќе се доделува во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари за набавка на опрема и инвентар, реконструкција како и за уредување на просторот на селските домаќинства, претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/24) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

4. Мерката содржана во дел II точка 4 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Финансиска поддршка за женско претприемништво во угостителството во вкупен износ од 1.000.000 денари**, при што се субвенционират угостителски претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Северна Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци но не повеќе од 100.000 денари направени за набавка на опрема и алати, уредување/подобрување на деловниот простор или оддржување на обуки за вработените за подобрување на квалитетот на услугата претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

5. Мерката содржана во дел II точка 5 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Изготвување на студија за развој на човечките ресурси согласно понудата и побарувачката во угостителството во Република Северна Македонија во вкупен износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

6. Мерката содржана во дел II точка 6 од Програмата за развој на угостителстовото во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Поддршка за рурален туризам преку инвестиции во градба или реконструкција на угостителски капацитети за сместување и исхрана во рурални средини во вкупен износ од 2.000.000 денари**, при што финансиската поддршка при градење или адаптација на угостителски објекти за сместување и исхрана во рурални средини кои се регистрирани како правни лица за вршење на угостителска дејност ќе изнесува од 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари за секој деловен субјект – барател на средства со намена за изградба на нови и адаптација на постоечки угостителски објекти, како и набавка на опрема за истите, **претставува државна помош** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, **како помош за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економкси интерес за Република Македонија**, согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош.

7. Мерката содржана во дел II точка 7 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Субвенции за приспособување на угостителски објекти за пристап на лица со попреченост во вкупен износ од 2.000.000 денари**, при што финансиската поддршка изнесува од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари за инвестиции во категоризирани угостителски објекти за сместување и пропратни активности во рамки на угостителскиот објект (базени, игралишта, плажи и слично) за адаптирање на простор за пристап на лица со попреченост претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и

постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 268/24).

8. Мерката содржана во дел II точка 8 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Субвенции за угостителскиот сектор за имплементација на ЕКО СТАНДАРДИ во вкупен износ од 1.000.000 денари**, при што се надоместува 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како хоризонтална помош во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за економија и труд, при што доделувањето на истата е дозволено како помош за иновативни советодавни услуги и услуги за иновативна поддршка согласно член 8 став (2) точка д) од Законот за контрола на државната помош и член 11 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

9. Мерката содржана во дел II точка 9 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов **Организирање на регионална конференција и натпревар по гастрононија во вкупен износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст „Закон„), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „Комисија„) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

Притоа, секој давател на државна помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, согласно член 13 став (1) од Законот, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Министерството за економија и труд со допис бр. 13-829/1 од 24.02.2025 година (Наш бр. 10-44 од 25.02.2025 година) достави до Комисијата Известување за планирано доделување на помош во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11). Исто така, Министерството за економија и труд до Комисијата ја достави и Програмата за развој на угостителството во Република Серверна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 28/25).

Комисијата оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за економија и труд е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со

Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

При испитување на доставената Програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година Комисијата ги оценуваше условите и намената за реализација на секоја од активностите предвидена во истата Програма за да утврди дали таквите активности претставуваат државна помош.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Комисијата ги анализираше активностите содржани во Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа Комисијата утврди дека мерките во точките 1, 2, 5 и 9 од делот II од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година не претставуваат државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот односно таквите мерки се од општ карактер и не ја нарушуваат, ниту можат да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на одредено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Со ваквите мерки содржани во Програмата се предвидува: меѓународна и билатерална соработка во угостителството со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на угостителството (Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др); изработка на студија за намалување на отпадот од храна и еко практики во угостителството во државата, која ќе содржи податоци, информации примери и насоки за активности кои ќе допринесат за намалување на отпадот од храна во секторот туризам и угостителство во РСМ ; студија со која ќе се направи истражување на состојбите со човечките ресурси во земјата од областа на угостителството и давање предлози за иден развој на професионалите кадри согласно потребите на стопанството ; организирање конференции преку кои ќе се овозможи заеднички пристап во подобрувањето на угостителската понуда во регионот.

Мерката содржана во дел II точка 3 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов Субвенции за угостителски цели на селски домаќинства во руралните средини во вкупен износ од 1.000.000 денари, при што финансиската поддршка ќе се доделува во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари за набавка на опрема и инвентар, реконструкција како и за уредување на просторот на селските домаќинства, претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.268/24) заради тоа што износот на доделената помош по корисник не надминува 300.000 евра за период од 3 години. Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Мерката содржана во дел II точка 4 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов Финансиска поддршка за женско претприемништво во угостителството во вкупен износ од 1.000.000 денари, при што се субвенционираат угостителските претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Северна Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци но не повеќе од 100.000 денари направени за набавка на опрема и алати, уредување/подобрување на деловниот простор или одржување на обуки за вработените за подобрување на квалитетот на услугата претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) заради тоа што износот на доделената помош по корисник не надминува 300.000 евра за период од 3 години. Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Мерката содржана во дел II точка 6 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов Поддршка за рурален туризам преку инвестиции во градба или реконструкција на угостителски капацитети за сместување и исхрана во рурални средини во вкупен износ од 2.000.000 денари (32.520 евра), при што финансиската поддршка изнесува 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари и која има за цел подобрување на стандардот на угостителските услуги во руралните средини, подобрување на пазарната конкурентност и ефикасноста на угостителските објекти и зголемување на вработеноста во руралните средини, претставува државна помош согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, и таквата помош може да се дозволи согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош како помош за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за државата.

Мерката содржана во дел II точка 7 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година под наслов Субвенции за приспособување на угостителски објекти за пристап на лица со попреченост во вупен износ од 2.000.000 денари, при што за инвестиции во категоризирани угостителски објекти за сместување и пропратни активности во рамки на угостителскиот објект финансиски се поддржува од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари, претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 5 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Мерката содржана во дел II точка 8 од Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 под наслов Субвенции за угостителскиот сектор за имплементација на ЕКО СТАНДАРДИ во вкупен износ од 1.000.000 денари (16.260

евра) претставува хоризонтална помош во смисла на член 4 став (1) точка 14 од Законот, при што доделувањето на истата е дозволено како помош за иновативни советодавни услуги и за услуги за иновативна поддршка согласно член 8 став (2) точка д) од Законот и член 11 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

Вкупниот износ на финансиски средства кои се потребни за реализација на сите мерки опфатени во Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година е 9.500.000 денари (154.472 евра). Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 254/24), раздел 10001 – Министерство за економија и труд, во Подпрограма 18 – Развој на угостителството.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од  Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**